**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-1492/37
Датум: 26.5.2010 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование, членот 45 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје и точка 42 од Правилата за студирање на додипломски студии на ФЕИТ, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 26.05.2010 година донесе

# О Д Л У К А

промена на студиска програма во учебната 2010/2011 год.

**I.** На студентите запишани во прва година до учебната 2009/2010 година на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје им се дозволува промена на студиска програма без надоместок и тоа:

1. Само на студиските програми на кои не е пополнет бројот на студентите во државна квота.

2. Со меѓусебна размена на студенти од различни студиски програми (и еднаков статус на студент-во државна или во квота со кофинансирање). Ваквиот начин на промена на студиски програми важи само за студентите кои ги имаат положено сите предмети од претходната година.

3. Ако ги положиле сите испити од прва година со просечна оценка 9,50 и ги освоиле сите кредити што ги запишале.

**II.** На студентите запишани во прва година до учебната 2009/2010 година на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје што им е одобрено да преминат на некоја од студиските програми: информатика и компјутерско инженерство, (ИКИ) компјутерско-системско инженерство и автоматика, (КСИА), или телекомуникации, (ТК), како и на тригодишните студии по информатика (Инфо) потребно е да дадат изјава дека се согласуваат да ја променат студиската програма со целосно кофинансирање на трошоците за студирање до завршување на студиите.

Бројот на студентите од став еден на точка II за студиските програми КСИА, ТК, и Инфо е до 10% од бројот на студентите запишани на соодветната студиска програма во прва година според конкурсот во учебната 2009/2010 година, а за студиската програма ИКИ е 5% од бројот на студентите запишани на таа студиска програма во прва година според конкурсот во учебната 2009/2010 година.

**III.** Молбите за префрлање, студентите треба да ги поднесуваат во периодот од 30.8.-3.9.2010 година на шалтерите од Службата за студентски прашања. По завршување на рокот за предавање на молбите, се изготвува единствена ранг листа на поднесени и одобрени барања, која во рок од седум дена јавно ќе биде објавена.

**IV.** Одлуката да се достави до: ННС, продеканот за настава, web страницата на ФЕИТ, огласна табла, Службата за студентски прашања, секретарот, општата служба и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
Проф. д-р Миле Станковски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Факултет за електротехника и информациски технологии Република Македонија * СКОПЈЕ *